**До**

**Министерств за здравство**

**Предмет:** Писмен извештај за едукација

Од Д-р Дајана Спасовска-Јаневска-физијатар вработена во ЈЗУ-Здравствен дом-Скопје. Во периодот од 19-01-2015г. до 13-02-2015г. бев испратена на едукација во Општа Болница Ново Место-Словенија. Целата група на мед.персонал бевме примени од Директориумот на болницата а потоа распоредена на оделот за физиотерапија.

Мој ментор беше дипл.физиотерапевт Власта Пекољ, во болницата нема спец.по физ.мед. и рехабилитација.

- Првата недела беше запознавање со начинот на нивната работа и водење документација. Го посетив Централниот операциски блок каде што дел од тимот се физиотарапевти, кои учествуваат во делот на респираторна терапија.
- Вторат недела бев на оделот за ортопедија и трауматологија каде гледав нови начини на постоперативна рехабилитација на колк и колено. Присуствував како слушател на пред оперативна ортопедска школа која редовно се одржува за сите пациенти на кои им е закажана операција.
- Третата недела се запознав со работата на амбулантта за рехабилитација на ортопедски и трауматолошки операции. Исто така бев и во Амбулантата за рехабилитација на оперирана шака. Еден ден се запознав со работата на Центарот за физиотерапија и рехабилитација во бања-Дољенске Топлице. Таму работат цел тим на физијатри и физиотерапевти се работи комплетна физикална терапија-електротерапија, ласер, магнетотерапија, ултразвук и кинезитерапија. Имаат апарат за екстензија на рбетен столб, кој првпат го гледам и работи на друг принцип од досегавидените екстензомати користат физикална терапија при стрес инконтиненција.
- Четвртата недела го посетив оделот за интерна медицина, неврологија и детски одел , присуствував на рехабилитација на пациенти после ЦВИ, полиневропатии, миокарден инфаркт и болни со ХОББ.

Присуствував и на нивната чкола за вработени каде се изведуваат практични вежби .

Тоа што го видов во болницата во најголем дел не се работи во амбулантите за физикална терапија во Здравствен дом-Скопје.

Со Почит

Д-р Дајана Спасовска Јаневска
спец. по физ. мед.и рехаб.